РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-50/2
03-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 69-та седница одржана на 01.06.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-50/1 од 05.01.2021 година, против службени лица од ----------------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-50/1 од 05.01.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 05.01.2021 година, поднесена е пријава против службени лица од ------------------------------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-50/1 од 05.01.2021 година.

Во пријавата се наведува дека подносителот ја бара правдата скоро 15 години, а судовите неколку пати ја имаат решено но ---------- не ја спроведува поради негов вербален конфликт со еден од вработените кој во 2005 година сакал да оствари материјална корист. Подносителот наведува дека го одбил тоа барање и му било дадено на знаење дека нема да ги добие паричните средства. Во пријавата се бара од ДКСК да постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со цел да се реши долгогодишната голгота. Во пријавата е доставена пресуда од Управниот суд со која се уважува тужбата на подносителот против решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен донесено во 2016 година и истото се поништува.

При разгледувањето на пријавените наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани наводи кои се однесуваат на повреда на право од работен однос, а пријавените дејствија се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи и

по истите е постапено во постапка по правен лек, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска**